**Отворен повик**

**Ангажирање на компанија за спроведување на кампања**

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност (НСРР) со седиште во Скопје, во рамки на проектот „Визија, мисија и стратегија на НСРР" кофинансиран од Европската Унија, има потреба од ангажирање на компанија која ќе изработи и спроведе:

1. Медиумска кампања – **„16 дена активизам за борба против насилството врз жената"** во период од 25 ноември до 10 декември 2022 година.

## ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА

Кампањата има за цел да ја подигне општествената свест за спречување на семејното насилство врз жената и децата. Една од главните стратешки цели на НСРР е превенција на родовите стереотипи и сексизам, насилство врз жените и семејното насилство, во рамки на која континуирано се работи на намалување на насилството врз жените и семејното насилство како и реинтеграција на жртвите.

## ЗАДАЧИ НА КОМПАНИЈАТА

1. Да соработува и да ги следи насоките за изработка и спроведување на кампањата од лицето назначено за комуникација од НСРР;
2. Да изработи дигитален маркетинг план и визуелен идентитет на кампањата во согласност со насоките од нарачателот;
3. Да го презентира дигиталниот маркетинг план и визуелен идентитет на кампањата пред нарачателот и да го модифицира во согласност со дадените насоки од нарачателот;
4. Да спроведе медиумска кампања согласно темата и договорот во времетраење од 16 дена, во период од 25 ноември до 10 декември 20222. Вкупно времетраење на целиот ангажман е два месеци;
5. Да изработи извештај за постигнатите резултати и да го достави на нарачателот.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Компанијата ќе има период на реализација на активноста од  еден месец од датумот на одобрување на презентираниот дигитален маргетинг план и визуелен индентитет за кампањата. Вредноста на договорот не може да надмине **3000 евра** во денарска противредност. Бидејќи станува збор за проект кофинансиран од Европската Унија, кампањата мора да биде **ослободена од ДДВ.**

## КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИКАНТИТЕ

Компаниите што ќе аплицираат треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Компанијата треба да е формирана согласно Законите во Република Северна Македонија и активно да работи во последните две години.

## ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

При аплицирање сите заинтересирани компании треба да достават:

1. Краток опис на компанијата;
2. Портфолио на сработени кампањи за дигитални медиуми;
3. Биографија од најмалку едно лице со искуство во изработка и спроведување на кампањи, односи со јавност, маркетинг и работа со социјални медиум, кое ќе биде ангажирано во активноста;
4. Предлог концепт за медиумска кампања со предложени форми на комуникација;
5. Тековна состојба, не постара од 6 месеци;
6. Финансиска понуда.

Целосната документација треба да биде доставена во електронска форма на македонски јазик на е пошта: sozm@t.mk и teazografska@gmail.com со предмет: Понуда за МЕДИУМСКА КАМПАЊА. Понудите треба да се достават најдоцна до **20.10.2022** година.

Апликации со нецелосна документација **нема** да се разгледуваат.